ниот непријател и се здоби со богато образовно и револуционерно искуство во сите борби и судири пред војната и за време на НОВ — го понесе товарот и по ослободувањето кога во ослободена Македонија, започна, врз придобивките на Револуцијата, борба за своја просвета и култура, за забрзано изградување систем на воспитание и образование кој ќе ги реализира вековните идеали на македонскиот народ, ќе го совлада историското заостанување и ќе фати чекор со потребите и идеалите на современоста и иднината во социјалистичка самоуправна Југославија. Тој придонес има очигледно историско општествено и образовно значење. Импресивната развојност на образованието што се реализира во годините на слободниот живот и на севкупниот општествено-економски развиток на македонското општество, кога дојде до израз револуционерниот и творечкиот ентузијазам на македонскиот народ и народностите во Македонија и кога вековите се претвораа во децении, а децениите во години и денови, што се без преседан во историјата на воспитно-образовните системи, не може да се замисли и без придонесот токму на оваа генерација просветни работници кои го заслужуваат потребниот општествен и стручен респект и углед.

Секое дело на духот, книга во било која форма, дотолку е вредна, потребна, револуционерна доколку таа збогатува, ја поттикнува мислата, провоцира нови прашања, бара дијалог и нови истражувања. Таква книга и таква вредност има токму овој Зборник кој никого не ќе остави рамнодушен. Во него секој ќе најде материјал со кој може да комуницира и кој ќе ја надомести празнината што одамна ја чувствуваме. Ова дотолку повеќе што досегашните истражувачки зафати се уште се сиромашни, сегментарни и недоволни во согласност со значењето и придонесот што одделни настани, дела и личности го имаат во револуционерната историја на нашето образование.

За подготвувањето и издавањето на овој потребен и вреден Зборник треба да изразиме благодарност на бројните автори на одделните текстови, кои како непосредни учесници на одделните настани нè пренесуваат во еден дел од нашата понова и непосредна историја, на редакцискиот одбор на чело со Благој Кондарко и на РО „Просветно дело“.

Анатоли ДАМЈАНОВСКИ

## РУСИЈА И БОСАНСКО-ХЕРЦЕГОВАЧКИ УСТАНАК 1875—1878. ПОЧЕТАК РАТА НА БАЛКАНУ, Св. II,

**Приредио Бранко Павичевић. Уредник акад. Божидар Глушчевић.**

Црногорска академија наука и уметности, Титоград, 1986, 918 с. 8

Во издание на Црногорската академија на науките неодамна излезе од печат волуминозен зборник на документи, под горниот наслов, од 1876 година, што ја означи решавачката фаза во раз-

витокот на Големата источна криза. Презентирани се 499 документи: службени и доверливи извештаи, писма и телеграми на руските дипломатски претставници од Цариград, Виена, Лондон, Берлин, и Париз.

Не случајно средишно место имаат и се најзастапени извештаите и другите дипломатски документи на рускиот амбасадор во Виена Новиков. Токму тие документи овозможуваат поцелосно да се согледа политичката активност и акциите на владата на Австро—Унгарија и нивното решавачко влијание не само за понатамошниот развиток на Источната криза туку и за решавањето на источното прашање. Во врска со тоа приредувачот во предговорот со право подвлекува дека Новиков од Виена имал можност „понепосредно од било кој свој колега од другите европски престолнини, да го следи развитокот на настаните на Балканскиот Полуостров и на изворот да ги проучува сите потези на владата на Хабзбуршката монархија".

Извештаите ја одразуваат реалната состојба во односите на големите сили, посебно меѓу Русија и Австро—Унгарија, со сите промени што се манифестирале со развитокот на кризата во 1876 година.

Документите покажуваат дека во односите на силите во врска со настаните на Балканскиот Полуостров дошло до суштествени промени. Како моќен, влијателен фактор настапила Велика Британија, што се потврдува со Берлинскиот меморандум, а ќе дојде до целосен израз во текот на понатамошниот развиток на настаните при дефинитивното решение на источното прашање во завршната фаза на Источната криза.

Во врска со политиката на царска Русија од приложените документи се потврдува дека следела две основни стратешки цели:

1. Да обезбеди неутралитет на западните сили со прокламирање на немешање во внатрешните работи на Османската држава. Според руските гледишта тие имале и можеле да имаат врски со нејзината влада, а единствено Русија имала „тесни врски со внатрешни живи сили" што воделе кон рушење на Империјата. Но и дека руските интереси налагале „да не се одлучува судбината на востанатите народи пред дефинитивното решение на источното прашање". Со востание во Македонија, но и во Епир и Тесалија до што можело да дојде на сигнал од Русија, „без никакви писмени договори ќе се создадел општ христијански сојуз". Воздржаноста на Грците во споменатите области (во времето на востанијата во Босна и Херцеговина, Македонија и Бугарија), се објаснувало со околноста што „сите тие востанија во Турција биле пред сè чисто локални".

2. Ако развитокот на настаните добиел друг тек Русија ќе морала да влезе во војна со Османската држава. Но за тоа било потребно, по дипломатски пат, да се обезбеди неутралност на Австро—Унгарија, која настапувала со отворени територијални претензии на Балканскиот Полуостров. Уште повеќе што Хабзбуршката монархија имала не само вонредно поволна воено-стратегиска позиција спрема подрачјето на

претстојните воени операции туку и поповолна положба во Сојузот на трите императори, па и во односите на силите воопшто, со оглед на тоа дека можела да смета на поддршката од Германија за својата балканска политика.

Руските воени стратези ценеле дека во војната против Османската држава балканската армија не ќе може да оствари реализирање на поставените цели во случај на воено ангажирање на Двојната монархија. Бидејќи нејзината армија со брза акција можела „во секое време" да ги отсече руските војски на Балканскиот Полуостров. И руската дипломатија, поради сé поактивното ангажирање на Велика Британија во Источната криза, се плашела дека може да дојде до прегрупирање на големите сили и сојузување на Велика Британија, Германија и Австро—Унгарија против Русија. Имајќи го предвид искуството од не така далечното минато, од времето на Кримската војна, се определила за директно спогодување со Австро—Унгарија. Тоа била суштината на политичката заднина на определбата на руската дипломатија за склучување на, во почетокот, тајниот руско-австро-унгарски договор во Рајхштат, од јуни 1876 год., со кој била извршена поделба на интересните подрачја на Балканскиот Полуостров. При тоа Австро—Унгарија исклучувала создавање голема словенска држава на Балканскиот Полуостров.

Обрнуваме внимание и на еден друг документ. Доверливото писмо од Париз на Орлов до канцеларот Горчаков во кое, во врска со заострувањето на руско—англиските односи по однос на источното прашање, се соопштувало дека Велика Британија била подготвена да прифати спроведување на широки реформи во европските владенија на Османската држава, но и решена воено да интервенира за да ја спречи еднострананата руска окупација. Во текот на разговорите во Париз Солзбери го прифатил проектот на Делказ „за руска окупација на Бугарија, австро—унгарска окупација на Босна и Херцеговина и англиска окупација на Македонија".

Презентираната документарна граѓа во предметнава публикација е од значење не само за понатамошно продлабочување и научно доосветлување на односот на Русија спрема востанието во Босна и Херцеговина и воопшто на руската балканска политика, туку и на севкупните односи на големите сили во таа фаза на Источната криза со сите импликации во дипломатските преговори и спогодувања.

Зборникот е нов крупен успех во реализацијата на документарната едиција на Црногорската академија на науките што претставува значаен научен потфат и придонес на црногорската историографија, во истражувањето, обработката и презентирањето на изворна граѓа за поновата историја на југословенските народи и народности.

Михајло МИНОСКИ